| **Наслов на активноста** | |
|---|---|
| Музички инструменти | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 3 до 10 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Креативност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 20 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да се оспособи за користење на различни предмети и средства во изразувањето на сопствените идеи и да се стекне со сензитивност за препознавање на пријатни и непријатни звуци. | |
| **Очекувани резултати** | |
| | |
| **Насоки** | |

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**
Подготовка на материјали за игра на маса.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**
Од сите поставени материјали на детето му се предложуваат одредени идеи какви инструменти може да се изработат и на кој начин тие ќе произведат звук. Обидете се да креирате според вашите и идеите на детето, може да се измислат и нови инструменти за да биде позабавно.

Пример:
Тропалки

- Пластични чаши/тегли наполнети со грав/ориз/сол/брашно и слично. Озгора се поставува хартија за печење и се затвора со ластик, а теглата се затвора со

капак.

- Балон кој се полни со леќа, а потоа се дува и се врзува.
- Пластична кутија (од павлака) како тапан и боички како палки за тропање и слично.

Жичани инструменти

- Од пластична кутија(од павлака) се вади капакот и на неа во средина се оптегнуваат ластици како жици на гитара.
- Од внатрешниот дел на тоалетна хартија или бришач за раце (цилиндарот) се прави кружен отвор. На краевите од цилиндарот се поставуваат ластици како жици од инструмент и се спојуваат со хефталка.

Дувачки инструменти

- Една цефка се протнува во ќеса за замрзнување која се дува и се врзува на отворот. Со дување низ цефката се произведува звук
- Неколку цефки се спојуваат со селотејп
- Се спојуваат 2-3 картонски ролни(од тоалетна хартија или бришач за раце) како труба

Инструменти со клавијатура

- На една кутија се исцртуваат типки на пијано

**Активност/игра**

Со детето се разговара за видовите инструменти: жичани, дувачки, ударни и инструменти со клавијатура. Додека се разговара за инструментите потребно на детето да му се покажат како слика и да се пуштат звуци од нив(може да се најде линк на интернет). Потоа според материјалите за изработка, желбата и интересите на детето се изработуваат музичките инструменти и сите членови на семејството заедно компонираат/измислуваат „Песна на денот” со инструментите кои се направени.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br><br>Квиз за музички инструменти<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=WV63aVMnyMA | ЦД плеер/ДВД; пластични чаши; хартија за печење; ќеси за замрзнување; мала тегла; пластична кутија (од павлака); сламки; грав; ориз; леќа; сол; ластици; селотејп; тоалетна хартија (цилиндар); хефталка; ножици; балон; боици; кутија; лепак; |
| **Активноста е подготвена од едукаторите:** | |

Креирано од: Соња Чаловска, Весна Пецева
Графички дизајн: Катерина Николовска

